**Финансирано согласно Договорот за специфичен грант бр. 2017/388-041 од Повеќекорисничката програма ИПА II на ЕУ за Албанија, Босна и Херцеговина, Северна Македонија, Косово*, Црна Гора и Србија**

*** Оваа ознака не ги доведува во прашање ставовите за статусот, и е во согласност со Резолуцијата на Советот за безбедност на Организацијата на обединетите нации 1244/199 и мислењето на Меѓународниот суд на правдата за декларацијата за независност на Косово***

# Инвестициска рамка за Западен Балкан Инструмент за техничка помош за инфраструктурни проекти 7 (ИПФ 7)

TA2017050 R0 IPA

## WB21-MKD-ENE-03

## Северна Македонија, Зајакнување на преносната мрежа во југоисточниот дел на Северна Македонија – Компонента 1

# План за вклучување на засегнатите страни

HILL INTERNATIONAL IPF 7 CONSORTIUM

Инвестициската рамка за Западен Балкан (ИРЗБ) е финансиски инструмент отворен во декември 2009 година од страна на Европската комисија, заедно со Банката за развој при Советот на Европа (БРСЕ), Европската банка за обнова и развој (ЕБОР), Европската инвестициска банка (ЕИБ), билатералните донатори, и земјите од Западен Балкан со цел да се обезбедат средства за стратегиски инвестициски проекти во земјите корисннички. Во квалификувани сектори спаѓа инфраструктурниот развој во еколошкиот, енергетскиот, транспортниот, социјалниот и дигиталниот сектор, како и развој на приватниот сектор. Отпосле, кон Рамката се приклучија и КфВ и Светската банка. Во јули 2017 година, КфВ стана и партнерска организација.

**Изјава за оградување од одговорност**

*Оваа публикација е произведена со помош на Европската Унија. Содржината на оваа публикација е во целосна одговорност на ИПФ7 Конзорциумот предводен од Хил Интернешнал и на ниту еден начин не смее да се толкува дека ги одразува ставовите на Европската Унија или Европската инвестициска банка.*

**Издание на извештајот**

Наслов на проектот: Северна Македонија, Зајакнување на преносната мрежа во југоисточниот дел на Северна Македонија – Компонента 1

Број на протокол: WB21-MKD-ENE-03

Наслов на извештајот: План за вклучување на засегнатите страни

Број на издание: 03

| Ревизија | 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|---|
| **Датум** | 1 март 2022 година | 15 мај 2022 година | 01 септември 2022 година |
| **Детали** | Прв конечен нацрт | Втор конечен нацрт | Трет конечен нацрт |
| **Подготвиле** | Борис Штипчаров Константин Сидеровски | Борис Штипчаров Константин Сидеровски | Борис Штипчаров / Константин Сидеровски |
| **Провериле** | Синиша Станчевски / Божидар Радовиќ | Синиша Станчевски / Божидар Радовиќ | Синиша Станчевски / Божидар Радовиќ |
| **Одобриле** | | | |

# Содржина


1. Вовед ........................................................ 6

1.1 Контекст на Проектот ........................................................ 6

1.2 Цел и делокруг на Планот за вклучување на засегнатите страни ............. 6

2. Опис на Проектот ........................................................ 7

2.1 Заднина и цели на Проектот ........................................................ 7

2.2 Компоненти на Проектот ........................................................ 8

3. Регулаторни барања за вклучување на засегнатите страни ....................... 9

3.1 Националното законодавство за вклучување на засегнатите страни ........ 9

3.2 Политика за животната средина и социјалните аспекти на ЕБОР ........... 10

4. Идентификување и анализирање на засегнатите страни ......................... 11

4.1 Идентификување на засегнатите страни ........................................ 11

4.2 Маргинализирани / ранливи поединци и групи ...................................... 14

4.3 Родови прашања ........................................................ 15

5. Претходни активности за вклучување на засегнатите страни ................ 16

6. Програма за вклучување на засегнатите страни ...................................... 17

6.1 Ковид-19 ........................................................ 17

6.2 Предлог-стратегија за објавување информации и консултации ............ 17

6.3 Идни фази на Проектот ........................................................ 19

7. Ресурси и задолженија ........................................................ 20

8. Механизам за поплаки ........................................................ 21

9. Следење и известување ........................................................ 23

Прилози 25

Прилог 1: Проектен образец за поплаки ........................................................ 26

Прилог 2: Проектен механизам за поплаки ........................................................ 27

Прилог 3: Проектен регистар на поплаки ........................................................ 28

Прилог 4: Контакт-информации на идентификуваните засегнати страни ............. 29

Прилог 5: Регистар на претходни активности за вклучување на засегнатите страни 32

Прилог 6: Список на релевантни онлајн ресурси за Ковид-19 ................................ 35

Прилог 7: Дистрибуција на отпечатени примероци од проектната документација во општините и главните простории на МЕПСО ........................................ 36

Прилог 8: Проектен леток ........................................................ 40

Прилог 8.1 Проектен леток на англиски ........................................................ 40

**Прилог 8.2 Проектен леток на македонски ........................................................ 40**

# Попис на табели

Табела 4.1: Анализа на засегнатите страни и барања за комуникација................................14

Табела 6.1: Резиме на барањата за вклучување на засегнатите страни и објавување информации..........................................................................................................19

# Попис на слики

Слика 1.1: Македонската мрежа и топологијата на проектната област....................................7

Слика 2.1: Елементи на Проектот...........................................................................................8

# Скратеници

| Скратеници | Значење |
|---|---|
| ОГО | организација на граѓанското општество |
| ЕБОР | Европска банка за обнова и развој |
| ОВЖС | Оцена на влијанието врз животната средина |
| ПЖСС | Политика за животната средина и социјалните аспекти |
| ПУЖСС | План за управување со животната средина и социјалните аспекти |
| ЕЗЖС | елаборат за заштита на животната средина |
| ЕУ | Европска Унија |
| ДМСП | добра меѓународна стрякова пракса |
| МФИ | Меѓународна финансиска институција |
| НМОП | Независен механизам за отчетност на проектите на ЕБОР |
| ИПФ7 | Инструмент за техничка помош за инфраструктурни проекти 7 |
| ЕБОР | Европска банка за обнова и развој |
| РОЗП | Рамка за откуп на земјиштето и преселување |
| МЖСПП | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| MW | мегавати |
| ЕСП | Единица за спроведување на проектот |
| НВО | невладина организација |
| НТР | Нетехничко резиме |
| Сл.в. | Службен весник |
| ЛЗП | лица засегнати од Проектот |
| БУ | барање за успешност |
| ЈП | јавно претпријатие |
| ОИЕ | обновливи извори на енергија |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| СОВЖС | Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина |
| ПВЗС | План за вклучување на засегнатите страни |
| СЕ | соларна електрана |
| ИРЗБ | Инвестициска рамка за Западен Балкан |
| ВЕ | ветерна електрана |

# 1. Вовед

## 1.1 Контекст на Проектот

Овој документ претставува План за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС), и е изработен од страна на Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија (во понатамошен текст „МЕПСО") со цел јасно да им се соопшти на сите заинтересирани и засегнати страни програмата за вклучување на засегнатите страни којашто ќе се спроведува во текот на проектниот циклус.

Проектот се состои од две компоненти, како што е опишано во Вториот дел подолу. ПВЗС се однесува на Проектот вклучувајќи ги и двете компоненти, било поединечно било во пакет.

Со ПВЗС се опишуваат активностите за ангажирање на засегнатите страни што ќе се преземат за потребите на Проектот во текот на неговата планирачка, градежна и оперативна фаза. ПВЗС е изработен заедно со останатата документација за ЖСС, за потребите на Проектот.

ПВЗС, исто така, содржи и препораки за вклучување на засегнатите страни и објавување информации поврзани со Ковид-19.

## 1.2 Цел и делокруг на Планот за вклучување на засегнатите страни

Планот за вклучување на засегнатите страни беше изработен од страна на МЕПСО со цел јасно да им се соопшти на сите заинтересирани и засегнати страни програмата за вклучување на засегнатите страни којашто ќе се спроведува во текот на проектниот циклус. Со ПВЗС се идентификуваат релевантните засегнати страни и се дефинираат каналите и плановите за комуникација во однос на изградбата на планираниот Проект.

Целта на ПВЗС е да се подобри и олесни одлучувањето поврзано со Проектот и да се создадат можности за благовремено и активно вклучување на сите засегнати страни, како и да им се дадат можности на сите засегнати страни да си ги искажат своите мислења и загрижености коишто може да влијаат врз одлуките на Проектот. Целта на овој ПВЗС, значи, е да се зајакне вклучувањето на засегнатите страни во текот на животниот циклус на Проектот, и вклучувањето на засегнатите страни да се одвива во согласност со македонските закони, како со барањата на ЕБОР што се содржат во нивната Политика за животната средина и социјалните аспекти (ПЖСС), 2019 и Барањето за успешност 10.

ПВЗС ќе се ажурира по потреба.

# 2. Опис на Проектот

## 2.1 Заднина и цели на Проектот

Со цел да се постигнат целите на Европската Унија за интеграција на енергијата од обновливи извори на енергија (ОИЕ), Северна Македонија прави напори за да ја зголеми интеграцијата на овие извори на енергија во националниот електроенергетски систем. Имајќи ги предвид поволните климатски услови, инвестициите во обновливи извори на енергија (ветерна енергија, сончева енергија и хидроенергија) се економски најпогодни во југоисточниот дел на Северна Македонија. Оттука е за очекување дека најголем дел од инвестициите за искористување на обновливите извори на енергија се /ќе бидат лоцирани во овој регион (слика подолу).




Слика 2.1: Македонската мрежа и топологијата на проектната област

Извор: МЕПСО

Забелешка: Проектната област е засенчена со зелена боја.

МЕПСО веќе се соочува со неколку барања за нови приклучувања на ОИЕ во локалната преносна мрежа од поширокатa проектна област. На среднорочен план, во регионот се очекува да се инсталираат поголем број нови капацитети за ОИЕ – ветерни електрани (ВЕ), големи и мали хидроелектрани (ХЕ), како и соларни електрани (СЕ) – до 350 MW. Освен тоа, на долгорочен план, до 2040 година, се предвидува и изградба на нова ВЕ – 536 MW, ХЕ – 185 MW, и СЕ – 250 MW.

Преносната мрежа во југоисточниот дел на Македонија (110 kV далновод Дуброво – Валандово – Струмица 2 – Струмица 1, приближно 57,5 км долг вод) се приближува кон

крајот на својот употребен век, а и нема капацитет за приклучување на нови обновливи извори на електрична енергија во мрежата. Како таква, преносната мрежа е кандидат за реконструкција поради својата застареност. Освен тоа, според среднорочните прогнозирани режими, можно е да дојде до случајни испади со повисок ризик по сигурноста во снабдувањето.

Главната цел на Проектот е да се зајакне преносната мрежа во југоисточниот дел на Македонија. Проектот се очекува да обезбеди:

- Зголемена сигурност во снабдувањето, и
- Безбедна и сигурна интеграција на планираните ОИЕ во југоисточниот дел на земјата, што последователно ќе придонесе за намалување на емисиите на CO2.

## 2.2 Компоненти на Проектот

Проектот се состои од следниве компоненти:

- Проектирање, изградба и употреба на 400/110 kV трансформаторска станица Милетково на оддалеченост од приближно 8 км од постојната 110/35 kV трансформаторска станица Валандово, во близина на селото Милетково. Новата трансформаторска станица ќе се поврзе со постојната 110 kV преносна мрежа во проектната област и со постојниот 400 kV далновод Дуброво – Солун (ГР), по пат на влезно-излезна врска (Компонента 1 или Потпроект 1).
- Реконструкција на постојниот 110 kV далновод Валандово – Струмица 2 – Струмица 1, по пат на надградба на неговиот пренесен капацитет (Компонента 2 или Потпроект 2).




Слика 2.2: Елементи на Проектот

# 3. Регулаторни барања за вклучување на засегнатите страни

## 3.1 Националното законодавство за вклучување на засегнатите страни

Барањата за објавување информации и консултирање на јавноста во врска со изработката на проектната документација и сродните стратегиски и други студии, се опфатени со следниве закони:

- Закон за просторно и урбанистичко планирање[1] – со кој се уредува системот на просторното и урбанистичкото планирање во Македонија, вклучувајќи го и информирањето на јавноста и нејзиното учество во процесот на изработка и донесување на документите од просторното и урбанистичкото планирање.
- Закон за животната средина[2]. Законот и со него поврзаните подзаконски акти ги содржат барањата за вршење оцена на влијанието врз животната средина (ОВЖС) за потенцијалните еколошки влијанија од јавните и приватните проекти за коишто е веројатно да имаат значително влијание врз животната средина, пред да се даде одобрение за проектирање / одобрение за градење во форма на одобрение за спроведување на проектот.

Накратко, процедурите за објавување информации и консултирање на јавноста ги вклучуваат следниве чекори:

- Јавноста се информира за деталите за објавување на нацртот на планската документација (кога е достапен отпечатен примерок за увид, датумите и времето кога може да се врши увидот) преку медиумите, и граѓанските организации се повикуваат да дадат свои забелешки и/или да присуствуваат на јавните консултации;
- Се држат јавни консултации во соодветна локална просторија (на пр., во општинската зграда), при што се презентира планската документација;
- Се постапува по забелешките добиени од сите засегнати страни и планската документација се ревидира со цел да ги уважи; Извештај за тоа кои забелешки биле усвоени, а кои не, со образложение, им се доставува, заедно со нацрт планската документација, на надлежните органи кои ценат дали забелешките биле целисходно земени предвид и решени;
- На сите забелешки се одговара во писмена форма.

Јавноста мора да биде вклучена во секоја етапа од постапката за ОВЖС и сите одлуки што се носат во текот на постапката мора да се објават во соодветните медиуми, на интернет страниците на релевантните владини тела (национални/локални) и во весниците на македонски јазик и на јазикот на доминантната етничка заедница. Како дел од постапката за ОВЖС, се објавуваат следниве документи:

- Известување за намерата за спроведување проект
- Одлука за одредување на потребата и утврдување на обемот на ОВЖС

[1] Службен весник на Република Северна Македонија бр. 32/20

[2] Службен весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18

- Оглас за достапноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина (Студија за ОВЖС)
- Решение на МЖСПП за одобрување или одбивање на барањето за проект.

Меѓутоа, врз основа на соодветната постапка за одредување на потребата од ОВЖС за овој Проект, и двете негови компоненти беа категоризирани како проекти за кои нема потреба од ОВЖС. Но, од МЕПСО ќе се бара да подготви Извештај („Елаборат") за заштита на животната средина[3] за секоја од компонентите, во согласност со барањата пропишани со македонскиот Закон за животната средина, За ваквите проекти за кои не е потребна ОВЖС, следниве се документите што треба да се објават, во согласност со локалното законодавство:

- Известување за намерата за спроведување проект
- Одлука за одредување на потребата од ОВЖС

Други важечки закони кои предвидуваат објавување на проектни информации или овозможуваат пристап до информации, вклучително и за механизмите за поплаки и жалби, се следниве:

- Закон за градење[4]
- Закон за пристап до информации од јавен карактер[5]
- Закон за постапување по претставки и предлози[6]
- Закон за експропријација[7].

Во 1999 година, Северна Македонија ја потпиша Архуската конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во одлучувањето и пристап до правда за прашањата поврзани со животната средина (1998 година). Со Архуската конвенција на јавноста ѝ се дава за право да дознава информации, да учествува во одлучувањето и да бара правда во владините процеси на одлучување за прашања кои ја засегаат локалната, националната и прекуграничната животна средина. Конвенцијата се фокусира на интеракцијата помеѓу јавноста и државните органи.

## 3.2 Политика за животната средина и социјалните аспекти на ЕБОР

ЕБОР има донесено сет на сеопфатни барања за успешност (БУ) кои се очекува проектите да ги исполнат. БУ 10 (објавување информации и вклучување на засегнатите страни) од Политиката за животната средина и социјалните аспекти на ЕБОР (ПЖСС) (2019) ја нагласува важноста од отворено и транспарентно комуницирање помеѓу проектите, нивните работници, локалните заедници директно засегнати со проектите, и другите засегнати страни како суштински важен елемент на добрата меѓународна пракса и корпоративната

[3] На македонски: „Елаборат за заштита на животната средина".

[4] Службен весник на Република Македонија бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 150/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18)

[5] Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, 86/08, 06/10, 42/14, 148/15, и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 101/19

[6] Службен весник на Република Македонија бр. 82/08, 13/13, 156/15, 193/15

[7] Службен весник на Република Македонија бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16, 178/16

општествена одговорност. Вклучувањето на засегнатите страни подразбира идентификување и анализирање на засегнатите страни, планирање на вклучувањето на засегнатите страни, објавување информации, консултирање и учество на јавноста, механизам за поплаки, како и тековно доставување извештаи до релевантните засегнати страни.

Во согласност со БУ 10, од проектите се бара да изработат и спроведат План за вклучување на засегнатите страни, соодветен на природата и размерот на ризиците, влијанијата, и развојната фаза на проектот, и да извршат вклучување на засегнатите страни со тоа што на локалните заедници директно засегнати со проектот и на другите релевантни засегнати страни ќе им обезбедат пристап до благовремени, релевантни, разбирливи и пристапни информации.

ЕБОР бара носителите на проектите да воспостават и одржуваат ефективен механизам за поплаки, со кој ќе се осигура секоја поплака или загриженост на засегнатите страни ефективно и благовремено да се прими, по неа да се постапи и да се разреши.

# 4. Идентификување и анализирање на засегнатите страни

Клучните засегнати страни коишто треба да се информираат и консултираат во врска со Проектот се:

A) Страните кои се засегнати или за кои постои веројатност да бидат засегнати со Проектот (страни засегнати од Проектот); и
B) Страните кои може да имаат свој интерес во Проектот (други заинтересирани страни).

## 4.1 Идентификување на засегнатите страни

Во следнава табела е прикажана идентификацијата на засегнатите страни и анализата на приодот за комуникација со секоја од засегнатите страни поединечно.

| Идентификувана засегната страна | Специфични прашања или интереси | Цел на комуникацијата и вклучувањето | Начин на комуникација и вклучување |
|---|---|---|---|
| **Страни засегнати од Проектот** | | | |
| **Локалните жители:**<br><br>a) Кои живеат во подрачјето опфатено со Проектот и чијшто имот ќе биде засегнат со проектните активности<br><br>b) Чијшто имот ќе биде засегнат со проектните активности, но коишто живеат надвор од подрачјето опфатено со Проектот<br><br>c) Чијашто рута на движење ќе биде засегната во текот на градежната или на | Откуп на имотот (земјиште, земјоделски култури и објекти)<br><br>Потенцијални интереси за здравствените прашања поврзани со Проектот<br><br>Нарушување на дневната рутина и рутата на движење на луѓето | Обезбедување благовремени информации за потребата од откуп на земјиштето и преселување на населението, и известување на соодветните социјални и други релевантни локални органи | Комуникација за време на процесот на откуп на земјиштето и/или преселување, во рамките на можностите<br><br>Онлајн материјали за презентација.<br><br>Соопштенија за јавност/за медиумите<br><br>Онлајн друштвени мрежи (Фејсбук, Јутјуб, Инстаграм), официјална интернет страница, Вајбер, Ватсап и др. |

| **Идентификувана засегната страна** | **Специфични прашања или интереси** | **Цел на комуникацијата и вклучувањето** | **Начин на комуникација и вклучување** |
|---|---|---|---|
| оперативната фаза на далноводот | | | Телефонски повици<br><br>Директна комуникација по е-пошта<br><br>Средби за консултација со јавноста и со поединци, доколку е можно<br>Јавни објави на видливи јавни локации по должина на порамнувањето (продавници, училишта, пазари…)<br>Објавување информации за опсегот, роковите и времетраењето на планираните работи и на сите очекувани нарушувања и неповолности на централните огласни табли во петте засегнати општини, најмалку две недели пред започнување на градежните работи, и една недела пред секоја позначајна промена во градежната фаза што е од посебно значење на локалното засегнато население |
| **Деловните субјекти** коишто ќе бидат директно засегнати од Проектот и чиешто работење зависи од овој Проект, било преку процес на откуп на имотот или со приклучување на мрежата | Откуп на имотот (земјиште, земјоделски култури и објекти)<br><br>Нарушување на востановената рутина и рутата на движење на транспортот на работниците и материјалите<br><br>Оперативни прашања: интегрирање во мрежата | Обезбедување благовремени информации за ризиците и нарушувањата поврзани со градежната фаза и оперативната фаза | Соопштенија за јавност/за медиумите<br><br>Онлајн друштвени мрежи (Фејсбук, Јутјуб, Инстаграм), официјална интернет страница, Вајбер, Ватсап и др.<br><br>Директна комуникација по е-пошта<br><br>Средби за консултација со јавноста и со поединци, доколку е можно |
| **Други заинтересирани страни** | | | |
| **Општата јавност** во засегнатите општини и пошироко | Постоење на градежни активности поврзани со Проектот | Обезбедување благовремени информации за придобивките и ризиците од Проектот | Онлајн материјали за презентација<br>Соопштенија за јавност/за медиумите<br>Средби за консултација со јавноста, доколку е можно<br>Онлајн друштвени мрежи (Фејсбук, Јутјуб, Инстаграм), официјална интернет страница, Вајбер, Ватсап и др. |
| **Релевантните владини тела, министерствата и јавните** | Издавање дозволи, одобренија и | Консултации со релевантните | Онлајн средби за консултација со поединци, по потреба |

| Идентификувана засегната страна | Специфични прашања или интереси | Цел на комуникацијата и вклучувањето | Начин на комуникација и вклучување |
|---|---|---|---|
| **установи**, вклучувајќи ги и:<br>• Министерството за транспорт и врски<br>• Министерството за финансии:<br>• Министерството за економија<br>• Министерство за животна средина и просторно планирање<br>• Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>• Министерството за труд и социјална политика<br>• Министерството за култура<br>• Државниот инспекторат за труд<br>• Државниот инспекторат за животна средина<br>• Министерството за внатрешни работи<br>• Управата за заштита на културното наследство<br>• Национални енергетски ресурси<br>• Општините: Валандово, Струмица, Гевгелија<br>• Локалните јавни претпријатија во сите три општини<br>• Локалните музеи | мислења во согласност со локалното законодавство, контрола на усогласеноста со локалното законодавство | владини тела во врска со проектните активности во рамките на процедурата за добивање дозволи<br><br>Поднесување извештаи врз основа на барањата од националното законодавство | Средби за консултација со јавноста, доколку е можно<br>Директна комуникација по е-пошта |
| **Заинтересираните невладини организации (НВО): еколошки НВО, НВО за социјална заштита, други НВО**<br><br>На сите организации кои сè уште не покажале конкретен интерес за овој Проект ќе им бидат дадени можности да ги искажат своите мислења и причини за загриженост во текот на подготвувањето и спроведувањето на Проектот<br><br>**Забелешка:** Сите организации заинтересирани за Проектот може да ги достават своите контакт-податоци во ЕСП за да бидат внесени во Табелата на НВО/ОГО приложена во Прилог 4 кон овој ПВЗС и да можат директно да добиваат известувања за случувањата во Проектот | Засегнати страни од големо значење за успехот на Проектот коишто се заинтересирани за заштита на животната средина и здравјето на луѓето | Обезбедување б информации, комуникации и консултации | Онлајн средби за консултација со поединци, по потреба<br>Средби за консултација со јавноста, доколку е можно<br>Директна комуникација по е-пошта<br>Соопштенија за јавност/за медиумите<br><br>Онлајн друштвени мрежи (Фејсбук, Јутјуб, Инстаграм), официјална интернет страница, Вајбер, Ватсап и др. |
| **Вработените во МЕПСО** (и ЕСП) и релевантните синдикати | Засегнати страни од големо значење за успехот на Проектот коишто се | Обезбедување благовремени информации за активностите за | Каналите за внатрешна комуникација на МЕПСО<br>Обуки по потреба |

| Идентификувана засегната страна | Специфични прашања или интереси | Цел на комуникацијата и вклучувањето | Начин на комуникација и вклучување |
|---|---|---|---|
| | директно или индиректно вклучени во планирањето и спроведувањето на Проектот | планирање на Проектот | |
| **Изведувачите** или подизведувачите во текот на изведувањето, следењето и надзорот на градењето, и нивните вработени, како и работниците на одржувањето | Засегнати страни од големо значење за успехот на Проектот коишто се директно или индиректно вклучени во планирањето и спроведувањето на Проектот | Донесување проектен Кодекс на однесување и прописи за здравје и безбедност при работа, како и барања за заштита на животната средина | Информирање преку тендерската процедура и склучување договори<br>Комуникација преку надзорните инженери<br>Кратки информативни состаноци на самото градилиште на теми поврзани со здравјето и безбедноста<br>Месечни извештаи за напредокот на работите кои изведувачите треба да ги доставуваат во текот на градежните работи<br>Обука<br>Комуникација преку е-пошта |
| **Деловните субјекти**<br>• Трговија и малопродажба<br>• Транспорт<br>• Инвеститори<br>• Земјоделство<br>• Други засегнати страни од приватниот сектор | Вклучување во изработката на проектните активности погодни за нивните потреби и капацитети | Информираните деловни субјекти коишто ќе треба да ги приспособат своите инвестиции и своето работење на планираните исходи на Проектот | Онлајн средби за консултација со поединци, по потреба<br>Средби за консултација со јавноста, доколку е можно<br><br>Директна комуникација по е-пошта<br><br>Соопштенија за јавност/за медиумите |
| **Донаторите и другите меѓународни и наднационални организации**<br>• Европска Унија<br>• Инвестициска рамка за Западен Балкан<br>• Друго | Засегнати страни од големо значење за успехот на Проектот коишто се директно или индиректно вклучени во планирањето и на Проектот и финансирањето на неговото спроведување | Реализација на побараната поддршка и финансирање | Директна комуникација по е-пошта<br><br>Соопштенија за јавност/за медиумите<br>Онлајн друштвени мрежи (Фејсбук, Јутјуб, Инстаграм), официјална интернет страница, Вајбер, Ватсап и др.<br>Средби за консултација со јавноста, доколку е можно |

Табела 4.1: Анализа на засегнатите страни и барања за комуникација

## 4.2 Маргинализирани / ранливи поединци и групи

Маргинализираните / ранливите поединци или групи се потенцијално несразмерно засегнати и помалку способни да ги ползуваат придобивките од можностите што ги нуди Проектот поради специфичните потешкотии во пристапот и/или разбирањето на информациите за Проектот и неговите еколошки и социјални влијанија и стратегиите за ублажување.

При оцената и подготвувањето на овој ПВЗС, беа испитани потенцијалните групи во поширокото подрачје околу Проектот кои може да бидат различно засегнати со овој Проект поради нивниот пол, возраст, етничка припадност, вероисповед и други културни, физички и други особености (т.е. поради дигиталниот јаз, без интернет пристап, рурални средини и сиромашните земјоделци). Оваа оцена покажа дека не постојат ранливи или маргинализирани поединци во подрачјето зафатено со Проектот коишто може да бидат засегнати со активностите на овој Проект и/или за кои може да бидат потребни поинакви канали на комуникација.

Затоа, доколку во текот на спроведувањето на Проектот МЕПСО идентификува ранливи групи кои се засегнати од Проектот, групата ќе се додаде кон овој ПВЗС и ќе се идентификуваат соодветни методи на комуникација и ќе се спроведат активности за вклучување и на таа ранлива група.

## 4.3 Родови прашања

Во овој ПВЗС и во идните методи на вклучување предвид се земени и родовите аспекти. Активностите за вклучување се така осмислени што им овозможуваат и на жените да учествуваат, т.е. фокусни групи и работилници. Постојат повеќе начини за вклучување на жените во консултациите и за добивање на нивен фидбек за најразлични аспекти на Проектот. Жените ќе бидат консултирани за активностите на Проектот, а повеќе детали за начинот на консултирањето со нив се дадени во 6-тиот дел од овој документ.

# 5. Претходни активности за вклучување на засегнатите страни

Со цел да се избере соодветната проектна опција и да се изработи соодветното проектно решение коешто ќе ги исполни сите деловни и МФИ барања, како и барањата за техничките аспекти, МЕПСО започна процес на консултација со институционалните засегнати страни уште во најраната фаза.

Кон крајот на септември 2021 година, се одржаа низа состаноци со властите од засегнатите општини, како и со нивните јавни претпријатија и локалните музеи. Целта на овие состаноци беше Проектот, неговите компоненти и активностите што ќе се преземат да им се претстават на институционалните засегнати страни коишто ќе бидат најмногу засегнати и коишто може да обезбедат релевантни информации во текот на главната фаза на проектирање на Проектот, како и поддршка за успешна реализација на планираните проектни активности во текот на градежната фаза.

Главната намера на овие консултации беше да се добие фидбек од клучните законски засегнати страни во поглед на погодноста и прифатливоста на предложената најповолна проектна опција, со акцент врз клучните просторно-планирачки, еколошки и социјални ограничувања коишто може да влијаат врз понатамошниот процес на развивање на Проектот.

МЕПСО се договори со засегнатите општини блиско да соработуваат заради добивање на потребните административни дозволи и информации во рамките на својот ресор на овластување, за потребите на проектирање и спроведување на Проектот.

Покрај тоа, после презентирањето на Проектот во живо пред општините, беше извршена и онлајн презентација за институционалните засегнати страни на национално ниво (министерствата).

Со општините се комуницираше во насока на воспоставување соработка за потребите на овој Проект и споделување информации за достапната проектна документација, со барање документацијата да се објави на општинските интернет страници (или да го споделат линкот до оригиналната интернет страница на Проектот).

Во текот на оцената на влијанието врз ЖСС на овој Проект беше подготвен и леток со клучните информации за Проектот. Дистрибуцијата на летокот меѓу локалното население во засегнатите општини ја изврши тимот за односи со јавноста на МЕПСО.

Покрај тоа, отпечатени примероци од проектната документација (ПВЗС и Извештајот од утврдување на обемот на ОВЖСС) беа ставени на располагање на определените места во сите три општини.

Во Прилог 5 е даден преглед на процесот на консултирање на засегнатите страни до денес.

# 6. Програма за вклучување на засегнатите страни

## 6.1 Ковид-19

Новата ситуација со ширењето на пандемијата на болеста Ковид-19, предизвикана од вирусот САРС-КоВ-2, ги измени познатите и широко распространетите начини на објавување информации и вклучување на засегнатите страни.

Со цел да се избегне, во најголема можна мера, изложувањето на ризикот од пренесување на инфекцијата, методите за објавување информации и вклучување на засегнатите страни за овој Проект беа скроени согласно препораките дадени од најрелевантните меѓународни и национални здравствени организации и релевантните актери коишто ја моделираат и дефинираат добрата меѓународна струкова пракса (ДМСП).

ЕБОР објави водич за добра пракса за консултирање на јавноста за време на пандемијата на Ковид-19. Во Прилог 6 е поместен списокот на интернет страниците кои зборуваат за објавување информации и јавните консултации во времето на Ковид-19 и за ДМСП.

## 6.2 Предлог-стратегија за објавување информации и консултации

За потребите на Проектот, МЕПСО ќе користи најразлични методи за вклучување на засегнатите страни со цел да се осигура континуирана комуникација со заинтересираните засегнати страни и со цел сите информации да ѝ се стават на располагање на јавноста. МЕПСО, во соработка со засегнатите општини, како и со локалните заедници засегнати од Проектот, ќе поведе сметка локалните жители и деловните субјекти коишто живеат или делуваат во близината на подрачјето опфатено со Проектот редовно да се информираат за напредокот на Проектот, особено во однос на отпочнувањето на градежните работи и нивното влијание врз локалните жители и деловни субјекти.

Со цел да се претстави проектното решение и да се информираат заинтересираните и засегнатите страни за потенцијалните влијанија и мерките за ублажување што се планираат да се спроведат во тој поглед, МЕПСО ќе спроведе јавни консултации и ќе објавува информации коишто ќе ги содржат главните прашања релевантни за Проектот во сите три општини. Доколку дозволат околностите, овие консултации ќе се држат со физичко присуство (со примена на мерките за заштита од Ковид-19); во спротивно, ќе се користат онлајн методите и средства за комуникација.

МЕПСО ќе ги извести сите засегнати страни за точниот датум, време и место каде што ќе се држат презентациите, најмалку 7 дена однапред (а по можност и 2 недели однапред), и тоа преку друштвените мрежи, интернет страниците на МЕПСО и трите општини, локалните медиуми (весници, онлајн информативни портали) и огласните табли во самите општински згради. Најавата за јавните состаноци што ќе се држат онлајн исто така ќе се објави во сите засегнати населби, со цел да се стигне до локалното население кое живее во тие општини. Покрај тоа, НВО наведени во Прилог 4 кон овој ПВЗС директно ќе се контактираат и информираат за одржување на информативниот настан.

Исто така, предвидено е да се одржи и посебен информативен настан онлајн на кој ќе се промовира информативниот пакет за ЖСС, а дискусијата после тоа ќе се одвива во живо,

преку достапните бесплатни платформи за комуникација, со сите заинтересирани и засегнати страни и со другите лица што ќе се пријават за учество.

Јавниот информативен пакет за ЖСС за проектот ќе ги содржи, на англиски и македонски јазик, следниве материјали:

- План за вклучување на засегнатите страни (ПВЗС),
- Нетехничко резиме (НТР), и
- Рамка за откуп на земјиштето и преселување (РОЗП).

Сите промотивни проектни документи ќе се објавата на интернет страницата на МЕПСО, како и на интернет страниците на Општина Валандово, Општина Струмица и Општина Гевгелија. Документите ќе се подготват на англиски и македонски јазик, а ќе бидат достапни по нивното официјално одобрување. Документите ќе останат објавени во текот на целиот животен циклус на Проектот. Сите заинтересирани страни ќе може да коментираат по презентираните документи во зададениот рок од триесет дена.

Документите, исто така, ќе се објават и на интернет страницата на ЕБОР во текот на периодот на јавни консултации, согласно барањата на Политиката за животната средина и социјалните аспекти на ЕБОР и ќе останат јавно достапни во текот на животниот циклус на Проектот. Сите заинтересирани страни ќе може да коментираат по презентираните документи во зададениот рок за јавни консултации.

Презентирањето на документацијата за ЖСС за Проектот ќе има за цел да ѝ ги пренесе на јавноста информациите за изградбата и употребата на планираниот автопат [??].

Сите оправдани забелешки и предлози ќе се земат предвид и по нив соодветно ќе се постапи. ЕСП ќе објави збирен извештај за сите релевантни прашања што биле покренати, со давање образложенија за вклучувањето или невклучувањето на добиените предлози.

Сите достапни информации и документи за Проектот ќе се објавуваат најмалку 2 недели пред секој планиран настан за презентирање на Проектот. Доколку е потребно, ќе се одржат и посебни онлајн и физички средби и директни комуникации за да се осигура вклучување на родовите и етничките малцинства.

Резимето на сите активности за вклучување на засегнатите страни и објавување информации е прикажано во подолната табела.

| | Активност | Рокови/други детали | Надлежност |
|---|---|---|---|
| 1 | Да се организираат најмалку три онлајн/физички јавни средби за консултација заради презентирање на Проектот пред јавноста и неинституционалните засегнати страни.<br><br>Да се поттикнат да ги достават своите писмени предлози и забелешки.<br>Да се обезбеди благовремен пристап до документите пред секоја од средбите (најмалку 2 недели). | Засегнатите страни ќе бидат известени за точниот датум, време и место на одржување на средбата, најмалку седум дена однапред (а пожелно е и 14 дена однапред), по пат на известување преку интернет страниците на МЕПСО, локалните медиуми и огласните табли во општинските згради, како и во засегнатите населби. За средбите онлајн ќе се врши задолжителна регистрација.<br>НВО наведени во Прилог 4 кон овој ПВЗС директно ќе се контактираат и информираат за онлајн јавната средба. | МЕПСО / ЕСП |
| 2 | Да се води сметка следниве | Сите достапни проектни информации | МЕПСО / ЕСП |

| | Активност | Рокови/други детали | Надлежност |
|---|---|---|---|
| | проектни документи да се објават на интернет страниците на МЕПСО и трите општини:<br>– Овој ПВЗС<br>– Извештај од оцената на влијанието врз ЖСС<br>– Рамка за откуп на земјиштето и преселување<br>– Проектен образец за поплаки и информативен леток за поплаки од јавноста<br>– Нетехничко резиме<br>– План за следење и управување на животната средина и социјалните аспекти<br>– Националната ОВЖС<br>Отпечатени примероци од документите да се стават на располагање во просториите на МЕПСО, и Општините Валандово, Струмица и Гевгелија. | и документи ќе се објавуваат најмалку 2 недели пред закажаните јавни средби. | |
| 3 | Да се организираат поединечни средби за консултација. | Согласно потребите или барањата на МЕПСО, општините или некоја друга од идентификуваните засегнати групи/поединци. | МЕПСО / ЕСП |
| 4 | Да се документираат сите мислења, забелешки и можни решенија во поглед на Проектот што засегнатите страни ќе ги покренат за време на консултативните средби, и по нив соодветно да се постапи. | Тековно | МЕПСО / ЕСП |
| 5 | Да се објават информации за обемот, роковите и времетраењето на планираните градежни работи, и за секое очекувано нарушување или вознемирување преку интернет страниците на МЕПСО и засегнатите општини. | Две недели пред отпочнувањето на градежните работи на МЕПСО. | МЕПСО / ЕСП |
| 6 | Да се објават релевантни информации за проектните активности преку интернет страниците на МЕПСО и засегнатите општини, како и на видливи места низ засегнатите локални заедници. | Неделни, во текот на градежната фаза. | МЕПСО / ЕСП и Изведувачот |

Табела 6.1: Резиме на барањата за вклучување на засегнатите страни и објавување информации

## 6.3 Идни фази на Проектот

Во текот на животниот циклус на Проектот, МЕПСО, ЕСП и Изведувачот (Изведувачите) вклучени во спроведувањето на Проектот ќе продолжат да комуницираат со засегнатите страни и Планот за вклучување на засегнатите страни ќе се ажурира како што ќе напредува Проектот. ПВЗС ќе се ажурира годишно и пред започнување на изградбата. Прашањата

покренати во текот на градежната фаза ќе се документираат, и на истите ќе се одговори преку механизмите опишани во овој ПВЗС.

Отпечатени примероци од јавниот информативен пакет за ЖСС ќе се стави на располагање во просториите на МЕПСО. Покрај тоа, отпечатени примероци од Извештајот за ЖСС и релевантните проектни документи ќе бидат достапни и на самото градилиште, во канцеларијата на Изведувачот, по започнувањето на градежните работи, како и во просториите на засегнатите општини.

Во текот на градежната фаза, главниот Изведувач ќе постави информативни табли на влезот во поголемите засегнати населби Ќе се содржат информации и за механизмот за поплаки. Изведувачот ќе ги обезбеди сите локации пред да се започне со градежните работи и ќе се погрижи да се постават соодветни знаци на претпазливост и предупредување. На видно место на градилиштето, Изведувачот ќе постави и кутија за поплаки, заедно со отпечатен примерок од ПВЗС, како и доволен број на примероци од образецот за поплаки.

Сите презентирани материјали, како и сета релевантна проектна документација, ќе стои на располагање на интернет страницата на МЕПСО, во текот на целиот животен циклус на Проектот.

Сите информации за овој Проект во текот на оперативната фаза ќе се објавуваат на интернет страницата на МЕПСО, и на друштвените мрежи што ги користи.

# 7. Ресурси и задолженија

МЕПСО ќе назначи Единица за спроведување на проектот (ЕСП) којашто ќе биде задолжена за спроведување на Проектот, вклучувајќи ги и активностите испланирани во рамките на ПВЗС. ЕСП ќе располага со погодна организациска структура, капацитети и компетенции, соодветни на природата и обемот на Проектот и сразмерни на нивото на неговите еколошки и социјални ризици и влијанија. ЕСП ќе биде во редовна комуникација со ЕБОР.

Заради ефективна реализација на планираните активности за вклучување на засегнатите страни, ЕСП ќе користи сопствени финансиски средства. Изведувачот ќе биде одговорен за своите трошоци што ќе ги направи за потребите на активностите за вклучување на засегнатите страни во рамките на овој Проект.

ЕСП ќе назначи одговорно лица за спроведување на овој ПВЗС во текот на целиот животен циклус на Проектот, коешто ќе биде надлежно и за комуникацијата со локалните заедници. Контакт-информациите за ова лице ќе ажурираат по потреба.

Изведувачот (Изведувачите) надлежен за спроведување на конкретни проектни активности исто така ќе треба да ги спроведе и релевантните одредби од овој ПВЗС (за повеќе детали, видете во поглавје 6). Барањето да се воспостави механизмот за поплаки ќе биде наведено уште во тендерската документација, како и во самите договори што ќе се потпишат со изведувачите.

# 8. Механизам за поплаки

Во името на овој Проект, МЕПСО ќе воспостави процедура за поплаки и ќе ги извести сите засегнати страни за постоењето на механизам за поплаки, за контакт-лицето од МЕПСО надлежно за спроведување на механизмот за поплаки, како и за обрасците на кои се поднесува поплаката.

Информативниот леток за механизмот за поплаки на Проектот, како и образецот за поплаки (Прилог 1) ќе бидат објавени на интернет страниците на МЕПСО и на трите општини (Валандово, Струмица и Гевгелија), а отпечатени примероци ќе стојат на располагање во локалните простории на МЕПСО, како и во просториите на трите засегнати општини.Во случај некоја од општините да добие поплака (во печатена форма или по пат на е-пошта), општината ќе мора поплаката, во изворниот формат, да ја проследи до локалната проектна канцеларија на МЕПСО во рок од 3 дена, од каде што поплаката веднаш ќе се проследи до ЕСП заради понатамошно постапување. Покрај тоа, засегнатите страни може сите свои забелешки да ги соопштат лично или преку телефон или написмено во образецот за поплаки.

Образецот за поплаки може да му се достави и на Изведувачот во текот на градежната фаза. Летокот и образецот за поплаки ќе бидат достапни во печатена форма на самото градилиште на македонски јазик, а летокот ќе биде закачен и на огласната табла на самото градилиште со цел да биде видлив за јавноста и за заинтересираните страни. Изведувачот е должен сите доставени поплаки да ги проследи до контакт-лицето на Проектот во рамките на ЕСП.

Сите поплаки ќе се заведат во Регистарот на поплаки (Прилог 3) и нивниот прием ќе се потврди во рок од 7 календарски дена. МЕПСО ќе ја извести засегнатата страна што ја поднела поплаката за предложените поправни мерки и дејствија во рок од 15 календарски дена од потврдување на приемот на поплаката. Во случај МЕПСО да не може да го реши проблемот или кога не е потребно да се преземе никакво дејствие, МЕПСО на подносителот ќе му достави образложение со совет како понатаму да постапи со поплаката доколку не е задоволен од исходот. Поплаките може да се упатат и на другите правни лекови во согласност со националните македонски закони и прописи.

ЕСП, во соработка со Надзорниот инженер, ќе го следи начинот на кој се постапува со поплаките и ќе води евиденција за процесот во Регистарот на поплаки, вклучувајќи ги и тие добиени преку Изведувачот, а самиот Регистар ќе служи како основа за составување Извештај за постапување со поплаките којшто ќе се вклучи во годишните извештаи за животната средина и социјалните аспекти што се доставуваат до Банката.

ЕСП ќе ги објавува и редовно ќе ги ажурира сите релевантни документи и процедури за поплаки на интернет страницата на МЕПСО, а на засегнатите општини ќе им се доставaт отпечатени примероци од образецот за поплаки. ЕСП ќе им достави одговор на сите засегнати страни кои поднеле поплака, или преку е-пошта или по редовна пошта. ЕСП ќе комуницира со сите релевантни засегнати страни и ќе ги информира за секоја промена во проектната динамика, при што најажурните информации ќе се објават на интернет страниците на МЕПСО и на општините, а на локалните заедници во засегнатата проектна област ќе им се доставaт информативните летоци за механизмот за поплаки.

Подносителите на поплаките ќе можат, во секое време, да побараат и други правни лекови во согласност со законската рамка на Република Северна Македонија, вклучително и формална судска постапка.

Сите проекти што се финансираат од ЕБОР треба да се поставаат така што да ги исполнат барањата од Политиката за животната средина и социјалните аспекти на ЕБОР, вклучувајќи ги и барањата за успешност (БУ) за клучните области на еколошка и социјална одржливост, кои проектите мора да ги исполнат, вклучително и БУ10 за објавување информации и вклучување на засегнатите страни. Покрај тоа, Независниот механизам за отчетност на проектите (НМОП), како независно крајно прибежиште, има за цел да го олесни решавањето на социјалните, еколошките и информативните проблеми покренати од засегнатите лица и од граѓанските организации во однос на проекти финансирани од ЕБОР меѓу засегнатите страни, и да одреди дали Банката постапува во согласност со својот ПЖСС и специфичните проектни одредби од Политиката за пристап до информации; а каде што важи, да ги реши сите неусогласености со овие политики, при тоа спречувајќи ги идните неусогласености од страна на Банката.

**Контакт-информации за прашања и поплаки:**

На рака на: Кабинетот

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија (МЕПСО)

Адреса: ул. Максим Горки бр. 4, Скопје, Северна Македонија

Тел.: + 389 2 314 98 14

Е-пошта: info@mepso.com.mk

На работниците ќе им биде достапен посебен механизам за поплаки.

# 9. Следење и известување

МЕПСО, заедно со локалните власти од трите засегнати општини, ќе биде одговорен да ги следи спроведувачките активности на ЕСП во доменот на вклучување на засегнатите страни во Проектот, како и каналите за комуникација, особено со ЛЗП[8].

Со цел да се резимира процесот на вклучување на засегнатите страни, ЕСП ќе подготви посебен извештај од следењето (Извештај за активностите за вклучување на засегнатите страни), при што првиот извештај треба да се изработи шест месеци по започнувањето на градежните работи на Проектот, и ќе се продолжи на полугодишна основа дури не се заврши со градежните работи. По завршување на Проектот, ЕСП ќе продолжи со изработка на годишни извештаи од следењето во оперативната фаза. Извештаите од следењето треба да содржат информации за:

- Средбите за консултации со засегнатите страни (време и место, прашања за кои се разговарало, мерките за ублажување обезбедени од страна на ЕСП)
- Поплаките што биле доставени во текот на извештајниот период (и сите детални информации за тоа)
- ЕСП, исто така, ќе доставува и извештаи (на годишна основа) за активностите за вклучување на засегнатите страни до ЕБОР и ИРЗБ.
- Секој Извештај за активностите за вклучување на засегнатите страни во Проектот ќе се објавува на интернет страницата на МЕПСО за да биде достапен за увид на јавноста и дополнително коментирање.

ЕСП ќе ги покани локалните НВО/ОГО да спроведат надворешно следење на спроведувањето на активностите од ПВЗС.

Показателите што ќе треба да се следат во текот на спроведувањето на ПВЗС се:

- Воспоставувањето на комуникацијата со сите засегнати страни пред да се започне со проектните активности.
- Објавувањето информации – достапност и пристапност на проектните документи; зачестеност на дистрибуцијата на информациите; засегнатите страни до кои стигнале информациите
- Реализацијата на планираните активности за вклучување на засегнатите страни – бројот и нивото на учество на конкретните групи засегнати страни
- Бројот на ранливите групи кои се идентификувани и со кои е воспоставена комуникација
- Записниците од одржаните состаноци
- Преземените поправни дејствија
- Бројот и видот на поплаки
- Почитувањето на механизмот за поплаки – комплетирање на евиденцијата во Регистарот на поплаки (Прилог 3)
- Процентот на разрешени поплаки во пропишаните рокови
- Бројот на повторени поплаки

[8] ЛЗП – лица засегнати од Проектот: лица (без разлика дали се физички или правни) кои трпат физичко или економско раселување

# Прилози

Прилог 1: Проектен образец за поплаки

Прилог 2: Проектен механизам за поплаки

Прилог 3: Проектен регистар на поплаки

Прилог 4: Контакт-информации на идентификуваните засегнати страни

Прилог 5: Претходни активности за вклучување на засегнатите страни

Прилог 6: Список на релевантни онлајн ресурси за Ковид-19

Прилог 7: Дистрибуција на отпечатени примероци од проектната документација во општините и главните простории на МЕПСО

# Прилог 1: Проектен образец за поплаки

<table>
<tr><td colspan="2">Референтен број:</td></tr>
<tr><td>Полно име и презиме:<br>(Можете и да останете <u>анонимни</u> доколку сакате, или да побарате да не се обелоденува Вашиот идентитет на третите страни без Ваша согласност)</td><td></td></tr>
<tr><td>Контакт-информации:<br>Ве молиме изберете како сакате да бидете контактирани (по редовна пошта, телефонски или преку е-пошта)</td><td>• По редовна пошта: (Ве молиме напишете ја поштенската адреса)<br>______________________________________________<br>______________________________________________<br>• Телефонски:<br>_____________________________________<br>• Преку е пошта:</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Пожелен јазик за комуникација:</td><td>македонски<br>друг:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Опис на инцидентот/поплаката/жалбата: Што се случило? Каде се случило? Кому му се случило? Кој е резултатот од проблемот?</td></tr>
<tr><td>Датум на инцидентот/поплаката</td><td>Еднократен инцидент/поплака (датум _____________)<br>Повеќекратна случка / колку пати? (_______)<br>Тековно/постојано појавување на проблемот</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="2">Што би сакале да се направи за да се реши проблемот? Други забелешки?</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>Потпис:</td><td>Датум:</td></tr>
<tr><td>Ве молиме доставете го овој образец на:<br>Кабинетот<br>Е-пошта: <u>info@mepso.com.mk</u><br>Тел. + 389 2 314 98 14<br>www.mepso.com.mk</td><td>Адреса? Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија (МЕПСО)<br>ул. Максим Горки бр. 4,<br>1000 Скопје<br>Република Северна Македонија</td></tr>
</table>

# Прилог 2: Проектен механизам за поплаки



# Прилог 3: Проектен регистар на поплаки

Проектниот регистар на поплаки, што ќе се води во дигитална форма, како датотека за табеларно пресметување, треба да ги содржи следниве елементи:

**УПИС:**

Иницијатор

Место на живеење

Вид на проблем

Име и презиме

Контакт-информации

Датум на упис

Потврда за прием на поплаката

**ПРОБЛЕМ:**

Опис на проблемот

Предложено решение

Дејствија што треба да се преземат за решавање на проблемот

**ИСПИС:**

Датум на затворање

Следење на поплаката

Резултатите од интервенцијата

Повторна појава Д/Н

# Прилог 4: Контакт-информации на идентификуваните засегнати страни

| Назив на засегнатата страна (организација/институција/ЛЗП) | Контакт-податоци |
|---|---|
| **НВО/ОГО** | |
| **Македонско еколошко друштво (МЕД)** | ул. Борис Трајковски 7 бр. 9А, 1000 Скопје<br>Тел.: 02/2-402-773<br>Факс: 02/2-402-774<br>Моб.: 078/371-175<br>contact@mes.org.mk |
| **Движење на екологистите на Македонија (ДЕМ) – Скопје** | ул. Васил Ѓоргов бр. 39/6, 1000 Скопје<br>Тел.: 02/3-220-518<br>dem@dem.org.mk |
| **Центар за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ – Скопје** | ул. Никола Кљусев бр. 14, 1000 Скопје<br>Тел.: 02/3-217-247<br>Моб.: 072/726-104<br>info@ekosvest.com.mk |
| **Фронт 21/42** | ул. Орце Николов бр. 83А, 1000 Скопје<br>Тел./Факс: 02/3-122-546<br>Моб.: 075/433-231<br>contact@front.org.mk |
| **Македонски зелен центар** | бул. Водњанска бр. 35/12, 1000 Скопје<br>Тел./Факс: 02/3-109-373<br>Моб.: 078/205-217<br>zeleni@zeleni.org.mk |
| **Друштво за проучување и заштита на птиците на Македонија** | ПМФ – Гази Баба бб, 1000 Скопје<br>02/3-117-055; 078/254-736<br>brankom@ukim.edu.mk |
| **Здружение за заштита на бувовите** | ул. Јуриј Гагарин бр. 28-5/3, 1000 Скопје<br>070/999-859<br>macedonian.owl.trust@gmail.com |
| **ВЛАДИНИ ИНСТИТУЦИИ** | |
| **Министерство за економија** | ул. ул. Јуриј Гагарин бр. 15, 1000 Скопје<br>Тел.: 02/3-085-347<br>info@economy.gov.mk |
| **Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство** | ул. Аминта Трети бр. 2, 1000 Скопје<br>Тел.: 02/3-134-477<br>info@mzsv.gov.mk |
| **Министерство за финансии:** | ул. Даме Груев бр. 12, 1000 Скопје<br>Тел.: 02/3-255-300<br>finance@finance.gov.mk |
| **Министерство за животна средина и просторно планирање** | ул. Плоштад Пресвета Богородица бр. 3, 1000 Скопје<br>infoeko@moepp.gov.mk<br>www.moepp.gov.mkv |
| **Министерство за транспорт и врски** | ул. Плоштад Црвена скопска општина бр. 4, 1000 Скопје<br>Тел.: 02/3-149-814<br>info@mtc.gov.mk<br>www.mtc.gov.mk |
| **Управа за заштита на културното наследство** | ул. Павел Шатев бр. 3,<br>1000 Скопје<br>Тел.: 02/5-517-700 |

| | |
|---|---|
| | contact@uzkn.gov.mk<br>www.uzkn.gov.mk |
| **АД Водостопанство на РСМ – Скопје** | ул. 3-та Македонска бригада бр.10А, 1000 Скопје<br>Тел.: 02/5-116-401, 02/5-116-402<br>contact@vodostopanstvo.mk<br>advodostopanstvoinvesticii@gmail.com |
| **А1** | ул. Плоштаф Пресвета Богородица бр. 1, 1000 Скопје<br>komunikacii@a1.mk<br>kontakt@a1.mk |
| **Македонски Телеком** | ул. кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје<br>IR@telekom.mk<br>press@telekom.mk |
| **ЕВН Македонија АД Скопје** | ул. Лазар Личеноски бр. 11, 1000 Скопје<br>Тел.: 02/3-205-000<br>info@evn.mk |
| **Национални енергетски ресурси** | бул. Свети Климент Охридски бр. 58Б, 1000 Скопје<br>Тел.: 02/6-090-137<br>contact@mer.com.mk |
| **Public Enterprise for State Roads** | ул. Даме Груев бр. 14,<br>1000 Скопје<br>contact@roads.org.mk<br>Тел.: 02/3-118-044 |
| **Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД Скопје** | бул 3-та Македонска бригада бр. 36, 1000 Скопје<br>02/3-248-701; 3-164-255<br>www.mztransportad.com.mk<br>mztransportad@mztransportad.com.mk |
| **Железници на Република Северна Македонија** | ул. Јордан Мијалков бр. 50Б, 1000 Скопје<br>Тел.: 02/3-227-903<br>info@mzi.mk |
| **ЕСМ (ЕЛЕМ)** | бул. 11-ти Октомври бр. 9, 1000 Скопје<br>02/3-149-278,<br>02/3-149-134<br>contact@elem.com.mk<br>www.elem.com.mk |
| **Агенција за катастар на недвижности** | ул. Трифун Хаџи Јанев бр. 4,<br>1000 Скопје<br>Тел.; 02/3-204-800<br>info@katastar.gov.mk<br>www.katastar.gov.mk |
| **ЈП Национални шуми – Скопје** | ул. Перо Наков бр. 128, 1000 Скопје<br>Тел.: 02/2-581-080 – централа<br>Тел.: 02/2-581-083 – директор<br>komunikacii@mkdsumi.com.mk<br>www.mkdsumi.com.mk |
| **ЛОКАЛНА САМОУПРАВА** | |
| **Општина Струмица** | ул. Сандо Масев бр. 1, 2400 Струмица<br>info@strumica.gov.mk<br>Тел.; 034/348-030<br>www.strumica.gov.mk |
| **ЈПКД Комуналец – Струмица** | ул. 24-ти Октомври бр. 2,<br>2400 Струмица<br>contact@komunalec-strumica.com.mk<br>www.komunalec-strumica.com.mk |
| **НУ Завод за заштита на спомениците на** | 27-ми Март бр. 2, 2400 Струмица |

| | |
|---|---|
| **културата и музеј Струмица** | Тел.: 034/345-925<br>www.muzej-strumica.mk<br>zavodmuzej@yahoo.com |
| **Струмица Гас – Струмица** | info@strumicagas.mk<br>Тел.: 034/348-113<br>034/348-003<br>www.strumicagas.mk |
| **Општина Валандово** | ул. Иво Лола Рибар бр. 3, 2460 Валандово<br>gradonacalnik@valandovo.gov.mk<br>Тел.: 034/382-044<br>Факс: 034/382-044<br>www.valandovo.gov.mk |
| **ЈП Комунален сервис – Валандово** | 034/381-538<br>kontakt@ksv.mk<br>www.ksv.mk |
| **Општина Гевгелија** | ул. Димитар Влахов бр. 4, 1480 Гевгелија<br>Тел.: 034/213-843; 034/611-353<br>Тел./Факс: 034/611-373<br>gevgelijao@t-home.mk<br>kabinet@gevgelija.gov.mk<br>www.gevgelija.gov.mk |
| **ЈПКД Комуналец – Гевгелија** | ул. 7-ми Ноември бр. 50, 1480 Гевгелија<br>Тел.: 034/212-808; 034/214-808<br>komunalecgevgelija@yahoo.com<br>www.komunalecgevgelija.mk |
| **НУ Музеј – Гевгелија** | ул. Маршал Тито бр. 26, 1480 Гевгелија<br>Тел.: 034/213-660; 034/218-673<br>bobanhus@yahoo.com<br>www.muzejgevgelija.mk |

# Прилог 5: Регистар на претходни активности за вклучување на засегнатите страни

| Бр. | Датум / место | Настан за вклучување на засегнатите страни | Присутни засегнати страни | Број на луѓе со кои се разговарало / што биле консултирани | Клучни прашања за кои се дискутирало | Начин |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 21.09.2021 г., 12:00 ч. Дом на култура, Валандово | Презентирање на Проектот пред институционалните засегнати страни | Општина Валандово; Општинското јавно претпријатие (ЈП); МЕПСО; Тимот на ИПФ7 и експертите за ЖСС | 11 | • Презентација на Проектот<br>• Прифатливост на предложената / најповолната проектна опција<br>• Чувствителни локации што треба да се избегнуваат при понатамошното проектирање на проектното решение<br>• Механизам за поплаки | Состанок[9] |
| 2 | 22.09.2021 г., 12:00 ч. Општина Гевгелија | Презентирање на Проектот пред институционалните засегнати страни | Општина Гевгелија; Општинските ЈП; МЕПСО; Тимот на ИПФ7 и експертите за ЖСС | 11 | • Презентација на Проектот<br>• Прифатливост на предложената / најповолната проектна опција<br>• Точната локација на новата 400/110 kV трансформаторска станица Милетково<br>• Потенцијални поплаки што може да ги искажат земјоделците (сопствениците/корисниците на земјиштето) поради процесот на откуп на земјиштето | Состанок[10] |

9 Состанокот се одржа во согласност со предлозите и мерките во времето на Ковид-19, утврдени од страна на Владата. За повеќе детали, проверете ги Владините „Официјални информации за коронавирус во Северна Македонија“. https://koronavirus.gov.mk/

10 Состанокот се одржа во согласност со предлозите и мерките во времето на Ковид-19, утврдени од страна на Владата. За повеќе детали, проверете ги Владините „Официјални информации за коронавирус во Северна Македонија“. https://koronavirus.gov.mk/

| Бр. | Датум / место | Настан за вклучување на засегнатите страни | Присутни засегнати страни | Број на луѓе со кои се разговарало / што биле консултирани | Клучни прашања за кои се дискутирало | Начин |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 22.09.2021 г., 12:00 ч. Дом на Армијата, Струмица | Презентирање на Проектот пред институционалните засегнати страни | Општина Струмица; Општински ЈП; НУ Музеј – Струмица; Струмица Гас; МЕПСО; Тимот на ИПФ7 и експертите за ЖСС | 15 | • Презентација на Проектот<br>• Прифатливост на предложената / најповолната проектна опција<br>• Точната локација на новата 400/110 kV трансформаторска станица Милетково<br>• Потенцијални поплаки што може да ги искажат земјоделците (сопствениците/корисниците на земјиштето) поради процесот на откуп на земјиштето | Состанок[11] |
| 4 | 29.09.2021, Онлајн / Седиште на МЕПСО | Презентирање на Проектот пред институционалните засегнати страни | Ресорсните министерства; МЕПСО; Тимот на ИПФ7 и експертите за ЖСС Приватни инфраструктурни компании | 22 | • Општите технички особености на Проектот<br>• Прифатливост на предложената / најповолната проектна опција | Онлајн состанок |
| 5 | 12.10.2021 г. | Барање за информации | НУ Музеј – Струмица | 2 | • Утврдување на точната локација и границите на наоѓалиштето со заштитено културно наследство Градишор-Мрамор | Службен допис |
| 6 | 23.03.2022 г. | Покана за соработка | Општина Струмица, Валандово и Гевгелија | 3 | • Писмо на покана за соработка и споделување информации | Службен допис |
| 7 | 28.03.2022 г., Општина Гевгелија | Дистрибуција на отпечатени материјали и летоци | Претставници на општинските власти | 3 | • Локација за држење на печатените материјали и која документација да се објави на општинската интернет страница | Директна комуникација |

[11] Состанокот се одржа во согласност со предлозите и мерките во времето на Ковид-19, утврдени од страна на Владата. За повеќе детали, проверете ги Владините „Официјални информации за коронавирус во Северна Македонија". https://koronavirus.gov.mk/

| Бр. | Датум / место | Настан за вклучување на засегнатите страни | Присутни засегнати страни | Број на луѓе со кои се разговарало / што биле консултирани | Клучни прашања за кои се дискутирало | Начин |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 28.03.2022 г., Град Валандово | Дистрибуција на леток | Локалното население што живее близу порамнувањето | 5 | • Краток опис на Проектот<br>• Механизам за поплаки | Директна комуникација |
| 9 | 28.03.2022 г., Општина Валандово | Дистрибуција на отпечатени материјали и летоци | Претставници на општинските власти | 2 | • Локација за држење на печатените материјали и која документација да се објави на општинската интернет страница | Директна комуникација |
| 10 | 29.03.2022 г., Град Струмица | Дистрибуција на леток | Локалното население што живее близу порамнувањето | 13 | • Краток опис на Проектот<br>• Механизам за поплаки | Директна комуникација |
| 11 | 29.03.2022 г., Општина Струмица | Дистрибуција на отпечатени материјали и летоци | Претставници на општинските власти | 2 | • Локација за држење на печатените материјали и која документација да се објави на општинската интернет страница | Директна комуникација |

# Прилог 6: Список на релевантни онлајн ресурси за Ковид-19

- [ЕБОР] Вклучување на засегнатите страни (БУ10). Соопштение на ЕВОР. Ковид-19

https://www.ebrd.com/covid19-consultation.pdf

- Владините „Официјални информации за коронавирус во Северна Македонија".

https://koronavirus.gov.mk/

- [СЗО] Ковид-19

https://www.who.int/emergencies/diseases/novel-coronavirus-2019

- [МОТ] Ковид-19

https://www.ilo.org/global/topics/coronavirus/lang--en/index.htm

- [ЕИБ] Насоки за промотерите на ЕИБ за еколошка и социјална успешност на операциите финансирани од ЕИБ, како одговор на кризата предизвикана со пандемијата на Ковид-19 (Прилог 4 – Вклучување на засегнатите страни)

http://www.eib.org/attachments/covid19_guidance_note_to_promoters_annex4_stakeholders_engagement_en.pdf

- [МФК] Времен совет за клиентите на МФК за безбедно вклучување на засегнатите страни во контекст на Ковид-19

https://www.ifc.org/wps/wcm/connect/30258731-0e7d-4cb2-863c-a6fb4c6d0d95/Tip+Sheet_Interim+Advice_StakeholderEngagement_COVID19_May2020.pdf?MOD=AJPERES&CVID=n9s.b9a

# Прилог 7: Дистрибуција на отпечатени примероци од проектната документација во општините и главните простории на МЕПСО

Гевгелија





Валандово



Струмица



Седиште на МЕПСО (Скопје)





# Прилог 8: Проектен леток

## Прилог 8.1 Проектен леток на англиски

(приложен одвоено)

## Прилог 8.2 Проектен леток на македонски

(приложен одвоено)